ОЕМУЦ
Св. Наум Охридски
Охрид, Македонија

Општински електромашински училиштен центар
„ Св. Наум Охридски “-Охрид

ул„Живко Чинго “ бр 1
6000 Охрид

http://www.emucohrid.edu.mk/
e-mail: emucohrid@yahoo.com

С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А

Учебна 2024/25 год.

Содржина **Самоевалуација на училиштето: ОЕМУЦ„Св Наум Охридски” - Охрид**

Вовед во самоевалуацијата на училиштето **3**
1.1. Што е самоеваалуацијата и која е нејзината цел **3**
1.2. Процес на самоевалуацијата **5**
1.3. Формирање тим за самоевалуацијата **6**
2. Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти за самоевалуацијата **9**
2.1. Табеларен приказ на подрачјата за самоевалуација **9**
2.2.Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата (табела) **11**
2.3.Нивоа на постигања **12**
Подрачје 1:Наставни планови и програми **14**
Подрачје 2 Постигање на учениците **51**
Подрачје 3 Учење и настава **86**
Подрачје 4 Поддршка на учениците **115**
Подрачје 5 Училишна клима **143**
Подрачје 6 Ресурси **156**
Подрачје 7 Управување, раководење и креирање политика **172**

Вовед во самоевалуацијата на училиштето

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење,анализирање и вреднување на остварената со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.
Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања :

- **Колку е добро нашето училиште?**
- **Како гознаеметоа?**
- **Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

1.1. Што е самоевалуација и која е нејзината цел

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.

- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.

- Вклучување во развојниот процес и во воспитно-образовниот систем на училиштето на сите субјекти : директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница.

- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.

- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.

- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.

- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.

- Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

1.2. Процес на самоевалуација



Формирањетимзасамоевалуација

<table>
<tr><th colspan="2">Координатор на - активностите</th></tr>
<tr><td colspan="2">Сашо Недески директор</td></tr>
<tr><td>1. Наставнипланови и програми</td><td>5. Училишна клима и односи во училиштето</td></tr>
<tr><td>Виолета Никовска-професор по физика
Весна Нанеска-професор по сообраќајна група предмети
Александра Ставреска – професор по гр.предмети од лични услуги</td><td>Билјана Попоска- професор по македонски јазик
Билјана Божиноска – професор по граѓанско образование
Жанета Балалоска Козомора-професор по математика</td></tr>
<tr><td>2. Постигнувањанаучениците</td><td>6. Ресурси</td></tr>
<tr><td>Анастасија Трифуноска- педагог
Марија Настоски- професор по електро група предмети
Наташа Китани – професор по машинска група</td><td>Сашо Ѓорѓиески-пофесор по електро група предмети
Јулијана Карамешиноска- професор по гр.предмети од лични услуги
Мартина Јакимоска-професор по македонски</td></tr>
</table>

предмети	**јазик**
3. Учење и настава	**7. Управување, раководење и креирање политика**
1. **АнгелинаФилкоскаСоколовиќ - психолог** 2. **Ирина Димзова-Треневска - професор по математика** 3. **Наташа Гредоска- професор по сообраќајнагрупа предмети**	1. **Љубица Смилевска Мојсовска - професор по електро група предмети** 2. **Стојан Новески-професор по машинска група предмети** 3. **Билјана Ристоска - професор по електро група**
4. Поддршканаучениците	
1. **Ирена Ралева-Најдеска- професор македонски јазик** 2. **Жармена Китрозоска- професор по македонски јазик** 3. **Александар Буџакоски- професор по машинска група предмети**	

2.Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата

2.1. Табеларен приказ на подрачјата за самоевалуација

За да се следи квалитетот во севкупната работа на училиштето потребно е да се согледаат **условите** во кои училиштето работи, **процесите** кои се одвиваат во него како и **резултатите** и **постигнувањата** на училиштето.

Врз основа на овие три категории се дефинирани и утврдени подрачјата на вреднување и индикатори за квалитет **(табеларен приказ)**.

Подрачјанавреднување	**Индикаторизаквалитет**
Наставнипланови и програми	**Реализација на наставните плановии програми** **Квалитет на наставните планови и програми** **Воннаставниактивности**
Постигањанаучениците	**Постигања на учениците** **Задржување/осипување на учениците** **Повторувањенаучениците**
Учење и настава	**Планирање на наставниците** **Наставен процес** **Искуства на учениците од учењето** **Задоволувања на потребите наученицитe од наставата** **Оценување како дел од наставата** **Известување за напредокот на учениците**
Поддршканаучениците	**Севкупна грижа за учениците** **Здравје** **Советодавна помош** **Следењенанапредокот**
Училишна клима и односи во училиштето	**Училишна клима и односи во училиштето** **Промовирање на постигањата**

	Еднаквост и правичност **Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница**
Ресурси	**Сместување и просторни капацитети** **Наставни средства и материјали** **Обезбедување на потребниот наставен кадар** **Следење на развојните потреби на наставниот кадар**
Управување, раководење икреирањеполитика	**Управување и раководење со училиштето** **Цели и креирање на училишната политика** **Развојно планирање**

2.2 Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата (табела)

ТЕХНИКИ	ИНСТРУМЕНТИ
НАБЉУДУВАЊЕ	СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА
АНКЕТИРАЊЕ	АНКЕТИ ПРАШАЛНИЦИ
ИНТЕРВЈУ	РАЗГОВОРИ (ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ)
СКАЛИРАЊЕ	СКАЛИ,ГРАФИЧКИ (ДЕСКРИПТИВНИ И НУМЕРИЧКИ)
АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ, дневник за работа,извештаи,записници и сл.	ЧЕК ЛИСТИ

2.3 Нивоанапостигања

Нивоата на постигања содржат јасни и прецизни описи на постигнувањата кај поединечните **индикатори** во рамките на одредено **подрачје на вреднување** . Врз основа на меѓународните искуства и индикаторите за квалитет на работата на училиштата изготвен од МОН (Државен просветен инспекторат) во Скопје, 2009 г. вреднувањето на остварената се врши на четири нивоа и тоа : многу добро, добро, делумно задоволува, не задоволува.

Ниво 4 /многу добро - се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде преовладуваат јаките страни. Може да постојат мал број слаби страни, меѓутоа тие значително не влијаат на искуството што го имаат учениците во училиштето. Иако многу добро е највисок стандард, сепак тој стандард може да го постигне секое училиште. Тој укажува дека училиштето во тој аспект е добро и не треба да прави позначајни прилагодувања. Сепак, се очекува училиштето да продолжи да го одржува високото ниво на тој аспект и да ги користи сите можности и добри пракси што му се нудат за понатамошно подобрување.

Ниво 3 /добро – се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде постојат бројни јаки страни. Има слаби страни, но тие ниту поединечно ниту групно немаат значително негативно влијание на искуството што го имаат учениците во училиштето. Евалуацијата добро може да се даде под бројни околности. На пример, учењето и наставата се соодветни и како резултат на тоа искуството на учениците е позитивно, сепак може да се дојде до сознание дека на учениците не им се нуди доволно предизвик. Најчесто овој аспект се карактеризира со јаки страни, но има една или повеќе слаби страни кои влијаат на севкупниот квалитет на искуството што го имаат учениците.

Ниво 2 / делумно задоволува – се евалуираат аспекти од работата на училиштето кои имаат некои јаки страни, но имаат и значителни слаби страни кои влијаат на искуството на учениците. Во целина, кога се евалуира со делумно задоволува, тоа значи дека училиштето треба да преземе структурни и навремени активности за подобрување на состојбите. Евалуацијата делумно задоволува може да се даде под бројни околности. Може да постојат јаки страни, но, исто така, и слаби страни кои индивидуално или групно може да го нарушат квалитетот на работата на училиштето.

Ниво 1/ не задоволува – Со не задоволува се евалуираат оние аспекти од работата на училиштето кога постојат значајни слаби страни за кои се потребни дополнителни активности од страна на училиштето.Искуството на учениците е загрозено во некои клучни аспекти. Во најголем број на случаи, наставата е оценета како незадоволителна и е потребна дополнителна поддршка од раководството во планирање и спроведување на соодветни активности за подобрување. Ова може да вклучува потреба од подобрување. Ова може да вклучува потреба од поддршка од искусни колеги од училиштето или надвор од него.

Подрачје1: Наставни планови и програми

Во постапката на евалуација на ова подрачје се настојуваше да се одговори на што поголем број од главните прашања.

Покрај клучни фактори во нашето училиште со евалвацијата опфатени се и лица од локалната средина од двата пола кои може да влијаат на квалитетот на учењето и наставата во училиштето. Во прибирањето на податоците покрај постоечката документација, прибирани се податоци со изготвување на документи преку анкетирање и интервјуа на релевантни субјекти.

ОДДЕЛИ ВО РАМКИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО:

1.1. Реализација на наставните планови и програми

- Применуванинаставнипланови и програми
- Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми
- Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби
- Изборнанаставнипредмети
- Реализацијанапроширенипрограми

1.2. Квалитет на наставните планови и програми

- Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала
- Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала
- Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието
- Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми

1.3. Воннаставни активности

- Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности
- Опфатеност на учениците со воннаставните активности
- Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности
- Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности

1.1 РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

1.1.1 Применуванинаставнипланови и програми

Извори на податоци-документи	***Информации***
Годишна програма за работа на Центарот Дневник на паралелката Портфилија за наставниците Дневен оперативен план	Воспитно-образовната работа во училиштето се остварува со реализација на наставните планови и програми, изготвени од страна на наставниот кадар. Наставниците својата работа ја планираат согласно Годишнатапрограма за работа на Центарот, наставниот план и програма на БРО при МОН, наставниот план и програма на Центаротзастручнообразование и обука(ЦСОО) и позитивните законски прописи. Покрај планирањето и програмирањето на работата за реализација на задолжителните и изборните предмети, наставниците изготвуваат план и програма за реализација на додатните, дополнителните часови и слободните ученички активности. Воннаставните активности во училиштето се остваруваат со годишната програма за работа на училиштето. Планирањето и програмирањето на работата најчесто се остварува со изготвување на : - Годишен глобален план - Тематски – процесен план и програма - Дневен оперативен план Дел од наставните содржини не можат успешно да се реализираат заради недоволни предзнаења на учениците од основното училиште.
Тематски планови и програми Дневник на паралелката	Во текот на работата, поради објективни причини се јавува потреба за измени и дополни на планираните активности. За прилагодување на програмите кон практичните потреби, дел од наставниците применуваат процесно планирање. Процесното планирање овозможува флексибилност во работата при што може за одредени наставни содржини според потребата да се менува бројот на потребни часови за учење на нова содржина, повторување, увежбување и усовршување.


1.1.2 Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми

Извори на податоци-документи	***Информации***
Наставни планови и програми Дневник на паралелката Записници од средбите со родители Флаер и постер на училиштето. Записници од Советот на родители Извештај за работата на Центарот Webстрани: www.bro.gov.mk; www.csoo.gov.mk ; www.emucohrid.gov.mk	Со наставните планови и програми наставниците се запознаваат од страна на стручната служба во училиштето, известувања од страна на БРО, известувања од страна на ЦСОО, семинари за стручно усовршување и интернет. Учениците со наставните планови и програми се запознаваат од страна на наставниот кадар. Родителите се информираат на средбите со класниот раководител и преку советот на родители. За утврдување на информираноста на учениците и нивните родители со наставните планови и програми за работа на училиштето , спроведена е анкета со која се опфатени 131 ученици и 119 родители. Во учебната 2018/2019 започна реализација на **пилот паралелка за дуално образование според германски модел (Техничар за индустриска мехатроника)** Во учебната 2019/2020 започна реализација на уште една **паралелка за дуално образование според германски модел (Техничар за производно машинство)** Во учебната 2021/2022 започнаа реализација на настава според **наставен план со зголемен број часови по практично образование (Техничар за патен сообраќај, Техничар за нега и убавина, Техничар за компјутертско управување, Машински техничар)** Во учебната 2022/2023 започнаа реализација на настава според **наставен план со зголемен број часови по практично образование (Електротехничар-енергетичар, Електротехничар за електроника и телекомуникации и Машински техничар за моторни возила)** Во учебната 2023/2024 започнаа реализација на настава според **наставен план со зголемен број часови по практично образование (Електротехничар-енергетичар, Електротехничар за електроника и телекомуникации и Машински техничар за моторни возила, Сообраќајна и Техничар за Козметичка нега и убавина)** Во учебната 2024/2025 започнаа реализација на настава според **наставен план со зголемен број часови по практично образование (Електротехничар-енергетичар, Електротехничар за електроника и телекомуникации и Машински техничар за моторни возила, Сообраќајна и Техничар за Козметичка нега и убавина)**

	Учениците од профилот **Електротехничар за компјутерска техника и автоматика** следат настава според **модуларно дизајниран наставен план**
Анкета за ученици Анкета за родители Анкета за наставници	**1. Информираност на учениците и нивните родители за наставните планови и програми** 1. На прашањето: **На кој начин се запознавте со наставните планови и програми**? Од родителите одговориле: 18%*со флаери при запишување;* *78%на родителска средба;* *4% одговориле дека не се запознати со наставните планови и програми.* 

Од учениците одговориле:

14% *со флаери при запишување ,*
80% од страна на професорите, а
9%дека не се запознати со наставните планови и програми.




2. Оценете на скала од 1 до 5 **колку сте задоволни од актуелните наставни планови и програми**. Родителите ги дале следните одговори:

   2% дале оценка 1,
   3% дале оценка 2,
   15% дале оценка 3,
   37% дале оценка 4 и
   43% дале оценка 5.



Учениците ги дале следните одговори:

7% дале оценка 1,
9% дале оценка 2,
37% дале оценка 3,
48% дале оценка 4 и
7% дале оценка 5



	3. **Колку ти се интересни содржините кои ги изучуваш по општообразовните предмети**?(изберете вредност на скала од 1 – слабо до 5 солидно) - учениците ги дале следните одговори: 7% од учениците ги оцениле содржините од општообразовните предмети со оценка 1, 7% од учениците ги оцениле содржините од општообразовните предмети со оценка 2**,** 38% од учениците ги оцениле содржините од општообразовните предмети со оценка 3, 31% од учениците ги оцениле содржините од општообразовните предмети со оценка 4, 17% од учениците ги оцениле содржините од општообразовните предмети со оценка 5




4. На прашањето: **Колку ти се интересни содржините кои ги изучуваш по наставните предмети(стручни)?**- учениците ги дале следните одговори:

   69% - многу
   27% - делумно
   7% - многу малку




5. На прашањето: **Далинаставнитесодржинигиоспособуваат ученицитедоволнозаиднатапрофесијаодноснопонатамошнотошколување?** Родителите ги дале следните одговори:

   60 - ДА
   40% - ДЕЛМНО


Дали наставните содржини ги оспособваат учиниците доволно за идентификација односно понатамошното школување?
40.2%
59.8%
да
делумно
не

Наставниците ги дале следните одговори:




35% - ДА
64% - ДЕЛМНО
4% - НЕ

1.1.3. Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби

Извори на податоци-документи	*Информации*
	Во училиштето има прилагодени посебни програми за деца со посебни потреби. Наставникот изработува индивидуален наставен план во согласност со образовните потреби на ученикот.

1.1.4 Изборнанаставнитепредмети

Извори на податоци-документи	*Информации*
Закон за средно образование Општа програмска структура Анкета за ученици	Изборот на наставните предмети е определен според Законот за средно образование и општата програмска структура на МОН, БРО и ЦСОО. Исто така врз изборните предмети влијаат и условите во училиштето, потребите на учениците и нивните родители и за одредени профили, потребите на стопанските партнери. Учениците и нивните родители имаат можност да се определат за еден изборен предмет од понудените. Избраниот предмет ќе го изучуваат во тековната учебна година како задолжителен. За определба за изборен предмет, учениците и нивните родители својот избор го искажуваат на спроведена анкета од страна на стручната служба во училиштето.

Анкетен лист за ученици Анкетен лист за родители Анкетен лист за наставници	Како и колку е застапено демократското право за избор на наставните предмети од страна на учениците и нивните родители, спроведена е анкета од која со квалитативна анализа се добиени следните податоци : Избор на наставните предмети Дали постои можност за **демократски избор на изборните наставни предмети**?  ***родители***  ***ученици***


На прашањето **: „ Што е потребно да се изучува во стручното училиште според Вас**?” – **Родителите** ги навеле следните одговори: повеќе стручни предмети, повеќе пракса,



Анкетирани се вкупно 47 наставници со различна полова припадност.

На прашањето **дали се соочувате со потешкотии од материјално техничка и финансиска природа при изготвувањето и реализацијата на наставните планови**:

потврдно одговориле 28%,
ретко 33%,
дека не се соочуваат со потешкотии одговориле 42% од наставниците.




Проблемите со кои се соочуваат наставниците се: **немање соодветни учебници и литература, недостаток на нагледни средства – дидактички помагала, неподготвеност на учениците од основно образование**

На прашањето: „**Колку сметате дека наставните планови и програми по вашиот предмет ги оспособуваат учениците**?(изберете вредност на скала од 1 – слабо до 5 солидно) “ добиени се следните одговори од наставниците:

-

-
-
-
-
-

-



1.1.5 Реализација на проширени програми

Извори на податоци-документи	***Информации***
Дневник на паралелката Записници и извештаи од стручната служба во училиштето	Концепцијата на наставните планови и програми го поттикнува личниот и општествениот развој на учениците без оглед на нивната етничка, социјална и полова различност. Сите ученици имаат еднаков третман и пристап до организираните активности во задолжителната настава и воннаставните активности.
Дневник на паралелката Реферати со здравствена содржина	Во училиштето се води грижа за физичкото и менталното здравје на учениците, при што учениците се запознаваат со негативните појави кои го нарушуваат здравјето, пороците на современото живеење во урбаните средини и болестите на зависност, секундарните карактеристики на пубертетот и раната сексуална активност. За информирање на учениците на овие теми во училиштето се организираат посебни часови и популарни предавања од страна на стручни лица.
Дневник на паралелката Програми за воннаставните активности Наставен план и програма	Во училиштето се негуваат здрави меѓучовечки односи, почитување на другите и живеење и постапување во духот на НЕ НА НАСИЛСТВОТО. За правата и одговорностите учениците се запознаваат на часовите по „ **Образование за животни вештини** “ , граѓанско образование и популарни предавања од страна на стручни лица. Училиштето е вклучено во проект за меѓуетничка интеграција во образованието. Во соработка со Министерство за труд и социјална политика на Република МакедонијаЈУМ Центар за Социјална работа – Охрид, се реализира **проектот за Условен паричен надоместок**. Во планот и програмата за работа на часовите по сите наставни предмети планирани се содржини од областа на проектот „**Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем**“ со цел подигнување и развивање на свеста кај учениците, вработените во училиштето и родителите.
Дневник на паралелката Програми за воннаставните активности	Воннаставните активности во училиштето се планирани со годишната програма за работа на училиштето по наставни предмети и подрачја. Овој вид на настава подеднакво е достапен за сите ученици без оглед на нивната етничка, социјална и полова припадност.
Дневник на паралелката	Наставниците, учениците и родителите можат да влијаат врз наставните планови и програми во

Записници од средби со родителите Записници од стручните активи Записници од одделенските совети Записници од Наставничкиот совет Записници од Советот на родителите	училиштето, според нивната улога во воспитно образовниот процес и во делови кои се однесуваат на нивниот домен. При изготвување на програмата за работа, одредени подрачја се планирани по претходна сондажа на мислења и ставови на учениците и нивните родители. Врз наставниот план и програма секој чинител може да влијае низ институциите на училиштето : Наставен кадар : - Стручен актив, Совет на паралелката , Наставнички совет, Ученици : - Одделенска заедница, Ученичка заедница Родители : - Родителски средби, Совет на родители

1.2. КВАЛИТЕТ НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ	
Извори на податоци-документи	***Информации***
Записници од Наставничките совети на паралелките, Записници од Наставничкиот совет на Центарот.	**1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала** При реализација на наставните планови и програми постои подеднаква можност за учество на учениците од различна етничка и полова припадност во раководењето, соработката, договарањето, самодовербата и разрешувањето на конфликтите. **1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала** Учениците од стручното образование од трета година, во текот на учебната година реализираат професионална практика која се спроведува според наставниот план и програма. На тој начин се овозможува соработка со локалната заедница. Таа има за цел учениците да се стекнат со применливи знаења и да бидат оспособени за извршување на определени работни задачи во зависност од образовниот профил. Училиштето искористува се она што може да понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи но исто така, тоа придонесува за подигање на културно-образовното ниво на учениците. Во учебната 2018/19 година се воведе **дуалното стручно образование**, кое подразбира поголема соработка меѓу училиштата и бизнис - секторот, односно повеќе пракса на учениците и тоа директно, на работното место, под менторство на вработените во компаниите. Целта е да се

	стекнат потребните компетенции и вештини кои ќе им овозможат вработување на младите непосредно по завршување на нивното образование.
Наставни планови и програми План за работа на Училишниот одбор, План за работа на советите на родители, План за работа на активите, Записници од родителски средби Дневник на паралелката.	**1.2.3. Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието** При изготвување на плановите и програмите за работа наставниците водат сметка за **меѓупредметната корелација** која се остварува преку слични или идентични наставни содржини по различни предмети со што се остварува интегративен пристап во наставата со присутност на педагошкиот принцип на позитивен трансфер. **1.2.4. Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми** Наставните планови и програми му се достапни на секој предметен наставник, преку активите, преку Наставничките совети по години и Наставничкиот совет на Центарот, преку стручните лица од психолошко-социолошката служба, известување од БРО, известување од ЦСОО**.** Наставниците имаат можност за модификација на наставните планови и програми преку перманентно стручно усовршување и преку примена на активните методи, стратегии и техники на учење кои го поттикнуваат развојот на критичкото мислење кај учениците. Родителите се запознаваат од предметните наставници, на родителските средби, Советите на родители по години, Советот на родители на Центарот и преку Училшниот одбор. Учениците се запознаваат преку предметните наставници.
Писма, препораки, одлуки, извештаи, Печатени материјали Наставни планови и програми, Анкетни листови, План за работа на стручната служба, План и програма за проектни активности, Билтени	Согласно дадените наставни планови и програми од ЦССО има: задолжителни предмети, изборни модули ,практично образование и содржини програмирани од училиштето.Учениците на крајот од втора година избираат предмет од дадените изборни модули кој го учат во трета година.Изборот на одреден предмет за трета година условува компатибилен предмет во четврта година.Учениците имаат можност да изберат и содржини кои се програмирани од училиштето. Во рамките на практичното образование се изведува настава по предметот Учење преку работа кај работодавач и тоа во компании со кои училиштето има потпишано меморандум.
-Наставни планови и програми - пишани теми кои се реализираат на класните часови. -Извештаи и материјали од работата на стручните активи; -Изготвени стручни предавања од	Наставните планови и програми нудат такви можности дел од темите кои влијаат на личниот и општествениот развој да се опфатени и да се реализираат по предметот Граѓанско образование во прва година; Во планот и програмата за работа на одделенските часови планирани се содржини од областа на проектот „ Образование за животни вештини“, преку кои учениците правилно се насочуваат да ги знаат своите права и должности за да се справат со предизвиците на општествениот живот.


областа на здравственото образование; -Соработка со МВР (полугодишни и годишни извештаи, евиденција на педагошко-психолошка служба) -План и програма за работа на одделенските часови; -Наставен план и програма за предметот „Граѓанско образование“; - Наставен план и програма за ,, Образование за животни вештини“ - Наставен план и програма за ,, Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“	Најважни животни вештини со кои ќе се запознаат се: свест за себе, комуникациски вештини, вештини за донесување одлуки, креативно мислење, справување со емоции, вештини за решавање проблеми, критичко мислење и справување со стрес. Се реализираат и преку предмети од општообразователната група, преку предавања подготовени од стручната служба, а и останатите предмети влијаат на личниот и општествениот развој на учениците. Во соработка со Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија ЈУМ Центар за Социјална работа – Охрид, се реализира проектот за Условен паричен надоместок. Во рамкоте на кариерното советување во различни дисциплини и вештини како што се (мотивационо писмо, јавен говор, веб страна, урдување на штанд итн) учениците преку своите ментори се подготвуваат за учество и презентација на стекнатите знаења и вештини за МАССУМ кој се организира еднаш годишно и на кој учествуваат средни училишта од државата. Во планот и програмата за работа на часовите по сите наставни предмети планирани се содржини од областа на проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ со цел подигнување и развивање на свеста кај учениците, вработените во училиштето и родителите. Сите субјекти активно се вклучија во неговата практична примена, а тоа влијае врз подобрување и зачувување на животната средина, а здобиените знаења од сето ова ќе придонесат да ја сочуваме нашата планета Земја, бидејќи ни е една и единствена. Учениците знаат рационално да ја користат електричната енергија во училиштето, рационално ја користат водата, се грижат за хигиената во училниците, училиштето и училишниот двор.
Организирани трибини. Пишан материјал на класните часови	Преку работилници, дебати и други форми, организирани во соработка со стручната служба, Црвен крст,Младински совет и други компетентни лица и здруженија,учениците преку ученичката и младинската заедница се стекнуваат со знаења, вештини и компенции за нивни личен раст и развој. Исто така преку различни здруженија учествуваат и во многу проекти, како на ниво на училиштето, општината така и надвор во поширок рамки. Дел од стекнатите знаења ги пренесуваат и на другите ученици и ги презентираат во училиштето.
Пишани материјали кои се реализираат на класните часови.	Училиштето реализира образование за човековите права преку изучување на посебен предмет Граѓанско образование во Iгодина, преку предавања подготвени од психолошко-социолошката служба, предавања од предметни наставници, добиени материјали од разни институции.
Годишна програма за работа. План	Воннаставните активности се реализираат од сферата на литературата (рецитаторска,

и програма за работа на активот од општествената група предмети. Сертификати, фотографии.	литературна секција); странски јазик (англиски); спортски активности; активности од електро и машинска група предмети. Се работи на одбележување на Патрониот празник на училиштето, проектни активности, учество на натпревари и конкурси, учество на спортски турнири. Хуманитарна акција, организирана од младинската организација по повод патрониот празник. За учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати организирана е додатна настава. Учество на МАССУМ во различни области,како најдобра видео реклама, најдобар постер, најдобра WEBстрана, драма, штанд. Последните години, почнувајќи од 2015г,од активите по машинска и електротехничка струка се обучуваат ученици кои учествуваат на балкански натпревар од областа-мехатроничар - „BalkanJunior“. На натпреварот учествуваат по едно средно електро-машинско училиште од: Црна Гора, Словенија, Босна и Херцеговина, Србија, Турција, Хрватска, Романија и нашето училиште од Македонија - ОЕМУЦ „ Св. Наум Охридски“ –Охрид. БАЛКАН ЈУНИОР претставува меѓународеннатпревар одобластанаелектротехника и мехатрониката. Целтанапроектот е поврзувањенастручнитеучилиштаодобластанамашинството и електротехникатакако и разменананивнитеискуства, промовирањенамеѓукултурнатасоработка и запознавањесоначинотнаобразование и живототводругидржави. Овојпроекткакосвоицелигиимапоставено унапредувањетоназнаењето и споредувањесодругиучилишта, подигнувањенанивото назнаења и компетенциинаучениците и наставницитевосреднитестручнишколикако и поттикнувањенакреативноста. Натпреваротсереализирасекојагодинавоедноучилиштеодредотнаучилишнитепартнери. Притоаодсекоеучилиштеучествуваатподвајцаученици и ментори. Вклученост во “Erazmus +“ проекти на кој посветено работи нашето училиште и аплицира како носител на проекти, но и како партнер на училишта надвор од нашата држава. Со учество на ученици и професори од маѓинската и електротехничката струка се изведуваат неколку неделни обуки и размена на искуства и знаења кои се од меѓународен карактер и соработка. Обуките се изведуваат во партнер училишта и компаниите во државата каде се спроведува истата.

	Во тек е реализација на Еразмус проект Healthy mind, bright future-Raising awareness among young peple about mental health care – Здрав ум, светла иднина – Подигнување на свеста за ментално здравје преку младите и партнери сме во реализација на проектот „ A Stem Approach Bridges Between Countries: Understanding Natural Anatolian High School“ од Турција. Партнерска соработка во учество на RICO проект со училиште од Ужице република Србија преку размена и културна соработка на ученици од двете држави, а исто така остваруваме соработка и со други образовни институции и компании од земјава и странство.
Билтен за резултатите од државните натпревари на Електромашинските училишни центри. WEB страна на училиштето	Преку воннаставните активности се прошируваат и продлабочуваат знаењата на учениците кои постигнуваат солиден пласман на разни натпревари на општинско, државно и балканско ниво, се афирмира училиштето; дел од учениците го продолжуваат образованието на високо образовни институции поврзани со нивните способности и таленти откриени и развиени во рамките на воннаставните активности во училиштето.
Анкетни листови за ученици Анкетни листови за родители Анкетни листови за наставници	На прашањето: Во наставните планови и програми, учебниците и учебните помагала НЕ се застапени содржини кои може да ги навредат чувствата на учениците од различен пол, етничка и национална припадност ? учениците одговориле:




Наставниците ги дале следните одговори:

	
Анкетни листови за ученици Анкетни листови за родители Анкетни листови за наставници	За содржината на наставните планови и програми можеме да се изјасниме и да влијаеме преку организационите форми (Одделенска заедница, ученичка заедница, Совет на родители, Училишниот одбор, Стручен актив и др.) Резултатите од спроведените анкети за родители и ученици графички се прикажани со дијаграм.


За содржината на наставните планови и програми можеме да се изјасниме и да влијаеме преку организационите форми (Совет на родители)
50.9%
43.8%
Не се согласувам
Делумно се согласувам
се согласувам

Родители

За содржината на наставните планови и програми можеме да се изјасниме и да влијаеме преку организационите форми (Класна заедница, Ученичка заедница)



Ученици

1.3.ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ	
Извори на податоци-документи	***Информации***
Планови и програми за работата на слободните ученички активности; -Планови и програми за работата на додатната настава; -Освоени награди, дипломи и пофалници; - Дневник на паралелката -Изготвени стручни предавања од областа на здравственото образование. - Записник во дневник за работа и годишна програма - Ученички екскурзии - Записници од работата на Училишната заедница -Пофалби и награди од воннаставните активности во училиштето -Сертификати за учество -Дипломи за освоени награди -Пофалници и благодарницизаучество	При реализација на додатна настава и слободни ученички активности подеднакво се вклучени машки и женски ученици, како и ученици со различна етничка припадност и социјално потекло. Во зависност од своите афинитети учениците вршат сопствен избор во кој вид настава ќе учествуваат и имаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работа и изборот на темите за воннаставните активности. Целта на здравствената и физичка култура е изградување на зрела личност. Треба да се развива и формира свеста кај учениците за здравјето како основен извор за среќата на човекот. Посебно внимание ќе се посвети на хигиенските услови и естетскиот изглед на училишните простории и училишниот двор. За ангажирање и поттикнување на индивидуалните способности, задоволување на интересот на учениците, развивање на колективната свест како и збогатување на општествениот живот и рекреација на учениците, според условите во училиштето ќе се настојува да се обезбедат просторни и организациони услови за реализирање на слободните активности. За секоја секција одговорните наставници изработуваат програма за работа. Програмите за работа имаат ориентационен карактер со што се овозможува учениците самостојно да ги избираат содржините и да ја организираат и изведуваат активноста. За учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и ќе покажат зголемен интерес за оделни научни и наставни содржини ќе се организира додатна настава преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одредени предмети и подрачја и учество на учениците на натпревари. Предметните наставници изготвуваат распоред со однапред изготвени распределенија и ги запознаваат учениците со содржините и распоредот уште на почетокот на учебната година. Додатна настава се одржува и за учениците од завршните години како подготовка за **Државна матура** За учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година се организира дополнителна настава . Предметниот наставник е задолжен да изведува дополнителна настава ако по предметот се евидентираат негативни оценки. Секој предметен наставник задолжително треба да направи распоред за изведување на дополнителна настава и распределение за содржините и навреме да ги запознае учениците.

	Оваа настава се организира за оние ученици на кои им е потребна помош во совладувањето на одделни содржини од предметите кои учениците не ги изучувале, го менуваат профилот или струката или се упатени на поправен испит на годината. Консултативната настава се изведува и со учениците од завршните години со менторите за полагање на државна и училишна матура и завршен испит. Истата се изведува во училиштето редовно по договор со учениците како во однос на времето за нејзина реализација, така и според потребите на ученикот кои самиот ќе ги нагласи. Оваа настава се реализира на високо ниво. Феријалната практика се изведува според наставен план и програма по завршување на школската година во текот на летниот период во траење од 10 работни дена за учениците од прва, 15 работни дена за учениците од втора година и 20 работни дена за учениците од трета година. Учениците од прва, втора и трета година од профилот Техничар за индустриска мехатроника изведуваат феријална пракса во траење до 20 работни дена. Учениците од прва, втора и трета година од профилот Техничар за производно машинство изведуваат феријална пракса во траење од 10 работни дена. Преку феријалната практика на учениците им се овозможува теоретските знаења непосредно да ги поврзат со практиката и да се запознаат со задачите од делокругот на образовниот профил. Феријалната практика се реализира во фирми по склучен договор меѓу училиштето, родител-ученик и фирма. Во училиштето постојат ученичка заедница на паралелката и ученичка заедница на училиштето. Заедниците на учениците се значаен сегмент во организацијата на животот и работата на училиштето. Преку нив учениците сами или заедно со наставниците и родителите се договараат, заземаат ставови и донесуваат одлуки за сите позначајни прашања што се во врска со животот и работата во училиштето. Целта на училишните заедници е поуспешно учество на учениците во воспитно-образовната работа и постигање на што подобри резултати. Целта на општествено-корисната работа е вклучување во општествениот живот развивање на љубов и позитивен однос кон работата, одговорност и почит кон работниот човек, кон основните работни навики умеење и вештини, правилно да се сфати улогата на физичкиот и интелектуалниот труд во животот на човекот. Учениците со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествуваа во многубројни активности: натпревари на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво каде се постигнати завидни резултати.

	Учеството на учениците во воннаставните активности овозможува поттикнување и негување на нивната љубопитност, сознајните способности, креативноста , изнесување на своите и почитување на мислењата и ставовите на другите.
Анкетни листови за ученици Анкетни листови за родители Анкетни листови за наставници	Опфатеност на учениците со воннаставни активности -Воннаставните активности се организираат според афинитетите, потребите и барањата на учениците (секции, проекти, додатна), каде при изготвување на наставата се почитуваат предлозите и барањата на учениците. На прашањето : „Дали училиштето овозможува учество во повеќе воннаставни активности?”, учениците одговориле:




На прашањето : „Дали вашите деца, според Вас, се оптоварени со голем број часови во текот на денот?”, родителите одговориле:



На прашањето:„Колку часови во текот на денот посветуваш на учење во твојот дом?”- одговорите кои ги дале родителите и учениците се дадени на следните дијаграми:


Колку време (часа) Вашето дете посветува на учење дома?
23.4%
61.3%
15.3%
помалку од половина час или воопшто
од половина час до 2 часа на ден
повеќе од 2 часа дневно

Родители


Колку часови во текот на денот посветуваш на учење?
помалку од половина час или воопшто
40 (31.3%)
од половина час до 2 часа на ден
68 (53.1%)
повеќе од 2 часа дневно
21 (16.4%)
0
20
40
60
80

Ученици

	На прашањето ,,Со кои проблеми се соочувате при реализација на воннаставни активности” , наставниците одговориле: преголем фонд на редовни часови, просторни и материјални потешкотии, нередовност на учениците и нивна незаинтересираност, учениците се ограничени со автобускиот превоз.
Разговорсостручнитенаставници	Од разговорот со стручните наставници е констатирано следното : • недоволен број на семинари за стручно усовршување, како и семинари од областа на тимската работа и планирањето на наставата ; • немадоволностручналитература ; • нема учебници по одредени наставни предмети или дел од учебниците се пренатрупани со непотребни информации; - недостиг одсовремени наставни и нагледни средства.

Резултати: Опис на клучни јаки и слаби страни
Клучни јаки страни: 1. Наставните планови и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно сработени. 2. Наставата ја реализира соодветен стручен кадар. 3. Постои заемна соработка на ниво на стручни активи. 4. Соработка со родителите и локалната заедница за успешно реализирање на наставните и воннаставните активности. 5. Позитивно влијание на дуалното образование во градењето на вештини кај учениците потребни на пазарот на работна сила. 6. Реализирање на проекти кои промовираат демократски постапки на однесување на учениците. 7. Оптимално користење на постоечките нагледни средства, смарт табли, литература и материјално технички услови за работа вклучувајќи ја и ИКТ програмата. 8. Солиден пласман на учениците на разни натпревари на општинско, државно и меѓународно ниво. Тоа овозможува нивна лична афирмација и афирмација на училиштето. Одредени ученици го продолжуваат образованието на високо образовни институции поврзани со нивните способности и таленти откриени и развиени во рамките на воннаставните активности во Центарот.
Слабости: 1. Потреба од индивидуални програми за ученици со посебни потреби. 2. Оспособување на наставниците и стручните соработници за работа со ученици со посебни потреби. 3. Недостаток од современи нагледни средства и стручна литература и списанија.

4. Недоволни предзнаења на учениците

Анализа на резултатите:

Детална евалуација на подрачјето

- Училиштето ги спроведува наставните планови и програми одобрени од МОН според постоечките можности.
- При изготвување на планот и програмата за работа, наставниците редовно се консултираат со стручната служба во училиштето, прават консултации со колегите од училиштето и вршат размена на искуства со колеги од други училишта.
- Има недостиг од современи наставни и нагледни средства а голем број ученици доаѓаат со слаби предзнаења.
- Дадени се можности на родителите и учениците да се запознаат со наставните планови и програми преку родителски средби, предметни наставници, ЦССО.
- Позитивно влијание на дуалното образование во градењето на вештини кај учениците потребни на пазарот на трудот.
- Наставниците ги прилагодуваат наставните содржини според можностите за реализација, избирајќи го најдобриот и најефективен начин.
- Одредени наставни содржини овозможуваат интегративен пристап, тој начин на работа се спроведува во одреден степен.
- Повеќе од наставните предмети нудат можности да се влијае врз личниот и општествениот развој на учениците. Преку бројни предавања, проекти, трибини, учениците се запознаваат со теми од здравството (лично здравје, модерни болести, зависности, полови односи, сексуални врски), од јавниот и општествениот живот и др.
- Покрај задолжителната настава, наставниците ја планираат и програмираат и воннаставната работа во училиштето низ која учениците се стекнуваат со проширени знаења, умеења и навики . Се спроведуваат воннаставни активности на повеќе полиња преку кои се афирмираат учениците и Центарот бидејќи учениците освојуваат награди и признанија на разни натпревари.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето :

- Перманентно стручно усовршување на наставниот кадар
- Поголема вклученост на наставниците, учениците и родителите при изготвување на наставните планови и програми
- Обезбедување современи наставни и нагледни средства и стручна литература

Подрачје2: Постигање на учениците
Одели во рамките на подрачјето: **1.Постигнување на учениците** **2.Задржување/осипување на учениците** **3.Повторување на учениците**

Собирање на податоци (Кои податоци се собрани:Кои методи се користени). (и)Обработка на документи	
Наведете ги сите документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
2.1 Годишнапрограма за работа на училиштето; Програма за работа на училишниот психолог; Програма за работа на училишниот педагог; Планирања (професори)	• За да се подобри квалитетот на наставата, а со тоа и постигањата на учениците да се издигнат на едно повисоко ниво, се користат различни форми и методи кои се применуваат во училиштето. • Со воведување на разни современи методи и техники на учење, наставни и нагледни средства во наставата, активно учество на учениците во наставата и вон-наставните активности,слободни ученички активности, оддржување на додатна и дополнителна настава, како и тимската работа во рамките на стручните активи, со цел подобрување на постигањата на учениците. • По однос на половата припадност нема поголеми разлики во постигнувањата, т.е. успехот кај машките и женските деца е речиси изедначен. Од анализите за успехот може да се заклучи дека нивните постигања на учениците кои припаѓаат на други националности не се разликуваат во споредба со другите ученици. • -На крајот на секое тримесечие се оддржуваат Наставнички совети каде се разгледува постигнатиот успех на учениците, при што се врши споредба на постигнатите резултати со постигнатите резултати во истиот период во минатите две учебни години по предмети и години. • За учениците со посебни образовни потреби, се изготвуваат посебни планови и програми, а нивните постигнувања се следат преку задавање на задачи со тежинско ниво кое е прилагодено на нивните можности и способности. • За учениците кои имаат потешкотии во совладување на одредени предмети и материјали,се реализираат часови за дополнителна настава, а за работа со надарени ученици се реализираат часови за додатна настава и истите ученици го претставуваат училиштето на регионални и државни натпревати на кои постигнуваат видни резултати.. • Учениците редовно учествуваат на спортски и други натпревари, на кои постигнуваат значајни резлутати.

Етничка и полова структура на учениците по години и образовни профили

Струка	Година	Бројнапаралелки		Бројнаученици		Етничка и половаструктуранаучениците																			
						Македонци				Албанци				Турци				Роми				Други			
						Машки		Женски		Машки		Женски		Машки		Женски		Машки		Женски		Машки		Женски	
		2022/2023	2023/2024	2022/2023	2023/2024	2022/2023	2023/2024	2022/2023	2023/2024	2022/2023	2023/2024	2022/2023	2023/2024	2022/2023	2023/2024	2022/2023	2023/2024	2022/2023	2023/2024	2022/2023	2023/2024	2022/2023	2023/2024	2022/2023	2023/2024
Електро-техничка	I	5	5	128	123	107	87	15	25	1	/	/	/	2	/	/	/	1	/	/	/	3 е	2 м.м	/	/
	II	5	5	119	124	97	101	12	15	2	/	/	/	4	2	4	/	/	1	/	/	2 е 1 м.м.	3 е 1 в	1 е	/
	III	5	5	112	117	103	96	7	13	1	/	/	/	/	2	/	/	/	/	/	/	1 е	2 м.м 3 е	/	1 е
	IV	5	5	104	111	88	99	7	7	1	/	/	/	2	2	2	/	1	/	/	/	3 е 2 м.м.	2 е	1 м.м.	/
	Вкупно	20	20	463	475	395	392	41	60	5	/	/	/	8	6	6	/	2	1	/	/	9 е 3 м.м.	4 м.м 1 в 8 е	1 е 1 м.м	1 е
Машинска	I	2	2	44	45	28	36	9	1	/	2	/	/	1	1	/	/	4	1	1	/	2 е 1 м.м	4 е	/	/
	II	2	2	39	39	31	24	/	8	/	/	/	/	3	/	/	/	/	1	1	/	5 е	2 м.м 4 е	/	/
	III	2	2	39	38	34	32	1	/	/	/	/	/	/	3	/	/	/	1	/	/	3 е	2 е	1 е	/
	IV	2	2	40	36	31	25	1	3	1	/	/	/	1	/	/	/	2	/	/	/	2 е 2 м.м	5 е	/	/
	Вкупно	8	8	162	158	124	117	11	12	1	2	/	/	5	4	/	/	6	3	2	/	12 е 3 м.м	2 м.м 15 е	1 е	/
Сообраќајна	I	1	1	23	22	4	7	18	15	1	/	/	/	/	/	/	1	/	/	/	/	/	/	/	/
	II	1	1	25	24	9	5	15	18	/	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	1 е	/
	III	1	1	23	25	10	9	13	15	/	/	/	/	/	/	/	/	1	/	/	/	/	/	/	1 е
	IV	1	1	26	23	13	11	12	12	1	/	/	/	/	/	/	/	/	1	/	/	/	/	/	/
	Вкупно	4	4	97	94	36	32	58	60	2	1	/	/	/	/	/	1	1	1	/	/	/	/	1 е	1 е
Личниуслуги	I	1	1	22	22	2	0	13	14	/	/	/	/	/	/	1	1	/	/	3	7	/	/	2 е 1 м.м	/
-Разговор со раководителот на Младинската организација -Промовирање на училиштето на Патрониот празник -Разговор со членовите на Младинската организација -Разговор со претседателите на стручните активи -Записници од: -Младински совет -Ученичката заедница -Совет на родители -Наставнички совет -Класни совети -Советување со родители	**3.4 Задоволување на потребите на учениците** Најголем дел од учениците и родителите се задоволни од средината во која учат и можат и тие да учествуваат преку свои трудови во разубавувањето на училишниот простор преку свои трудови. Поголем дел од од учениците сметаат дека наставниците преку прашања, дискусии и работа во групи придонесува за потикнување и мотивирање на учениците за да земат активно учество во наставниот процес и соработка меѓу соучениците. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјална положба и етничка и религиска припадност. Организирани форми на потикнување, мотивирање и остварување соработка меѓу учениците и наставниците, училиштето има за време на Денот на екологија, Денот на дрвото, Патрониот празник на училиштето, крводарителски акции, хуманитарни акции, еднодневни и повеќедневни екскурзии, настапи на саеми, активности на Младинската организација при училиштето како и активна соработка со невладини организации – Инклузија на работа на разни проекти во општината и пошироко. Последните неколку години наши ученици заедно со нивните ментори учествуваат на меѓународен натпревар – Balkan junior.Учебната 2023/24 година во месец мај 2024 година,нашето нашите ученици под раководство на нивните ментори освоија прво место, како и претходните две години. Наставниот кадар, стручната служба и помошниците директори систематски ги препознаваат образовните потреби и пречките во развојот и процесот на учење на секој ученик. За потребите, учениците разговараат со класниот раководител, а наставниците разговараат на Советите на паралелките, Наставничкиот совет на Центарот , Советот на родители како и индивидуални и групни советувања. Образовните потреби на учениците се задоволуваат и преку избор на предмети во функција на завршен испит или државна матура за што на учениците се спроведува анкетен лист на кој тие по сопствен интерес ги бираат предметите кои ќе ги изучуваат во наредните две години.Учениците во училиштето за своите образовни потреби, проблеми и прашања разговараат на состаноците на Ученичката заедница во чии рамки се формирани тела и комисии за одделни области, како и преку Младинската организација за сите проблеми: учењето, однесувањето како и лични емоционални и социјални проблеми и потреби учениците разговараат со класните раководители,психолошо-социолошката служба, пом.директорите и др. субјекти. Голем дел од наставниот кадар и стручната служба поминаа повеќе обуки за унапредување на образовниот процес, и тоа: Учество на обуки во учебната 2023/24 година. Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата (при следење на учениците, при решавање проблемски ситуации, во истражувачки активности и сл)- **сите професори** Марија Шибакоска Настоски учествуваше на on line курсот за „**Основна обука за заштита при работа“** Проф. Балески Љупчо Green Solutions Hackathon E-twinning проект Are you ready for change?

	E twinning проект Interaktivne funkcije u STEM-u **E twinning проект Water is source of life** **E twinnig проект Let's shape our dreams with Tinkercad** **E twinning проект We talk C++ language** **E twinning проект NOW (Nature Often Welcomes)** **Џуниор Ачивмент Државен натпревар за ученичка компанија.** Љупчо Балески беше вклучен во изготвување и реализација на Завршниот испит по германски стандарди за третата генерација на ученици кои завршуваат средно образование од профилот Техничар за индустриска мехатроника според моделот на дуално образование. Оваа активност е спроведена од страна на Делегацијата на германското стопанство во РСМ. Обуканатемаистражување, соработка, елаборација, креирање и управувањесосоцијалнопретприемништвонасловенакако ICE CREAM којасеодржавопериодотод 18.07 до 30.07. 2024 годинавоАбовјан, Ерменија. ОбукатабешеделодЕразмус + програмата. Стојан Новески беше вклучен во изготвување и реализација на Завршниот испит по германски стандарди за учениците кои завршуваат средно образование од профилот Техничар за производно машинство според моделот на дуално образование. Оваа активност е спроведена од страна на Делегацијата на германското стопанство во РСМ. ДобиенисертификатизаМодулизаонлајнучење – проф.Јорданка Недеска-Симиџиоска: 1. **Циркуларнаекономијанахранавоградовите** прекуплатформата**Circular Learning Space for Digital Skills**, овозможенодпроектот Girls Go Circular финансиранод ЕУ **28.12.2023** 2. **Вештачкаинтелигенција и кружнаекономија** прекуплатформата**Circular Learning Space for Digital Skills**, овозможенодпроектот Girls Go Circular финансиранод ЕУ **13.12.2023** 3. **Климатскинеутралниболницинаиднината - спасувањеживоти** прекуплатформата**Circular Learning Space for Digital Skills**, финансиранодпроектот Girls Go Circular финансиранод ЕУ Учество на обука за,, **Спречување на предвремено напуштање на средното образование и охрабрување за комплетирање на задолжително ,, образование**,,во организација на ИПА проекти-Анѓелина Ф. Соколовиќ, Анастасија Ивановска и Наташа Гредоска Учество на обука за ,, Унапредување на менталното здравје на адолесценти,, -во организација на МОН - Анастасија Ивановска


Прашалници за ученици, наставници родители	 Слика бр.8 Дека се **посветува значајно место во промоцијата н ученичките трудови се согласуваат** 68% од учениците, 78% од родителите и 70 % од наставниците, **дека делумно се согласуваа**т 27% од учениците, 28% од наставниците и 19% од родителите, а **не се согласуваат** со ова тврдење 5% од учениците, 3% од родителите и 2% од наставниците, што укажува на тоа дека е повисок процент од минатите учебни години и споредено со минатите истражувања и значи дека се работи на промоција на трудовите на учениците, но секогаш и понатака има потреба од промоцијата на трудовите на учениците со што истовремено ќе се врши и промоција на училиштето и сите субјекти вклучени во него.

Извори на податоци	**3.5Оценување како дел од наставата** **3.6 Известување за напредокот на учениците**
-Годишна програма за работа на училиштето -Педагошка евиденција и документација -Користени инструменти за оценување(тестови на знаење, чек листи,самооценувачки листи)	Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците како и поведението на учениците. Поголем дел од наставниците во изминатиот период посетуваа обука за унапредување на оценувањето на која се запознаа со принципите и стандардите за оценување, како и со видовите на оценување (формативно и сумативно). Во текот на наставната година секој ученик добива минимум 4 оцени и тоа за : првото тримесечие, полугодишна оцена, за третото тримесечие и за крајот на учебната година. За секој класификационен период службата изготвува анализа на успехот и поведението со споредбени показатели со изминатите три години и истите ги презентира на Наставнички совет на Центарот, Совет на родители и Ученичката заедница на Центарот. При оценувањето, а со цел да биде што пообјективно наставниците користат разни форми и тоа: тестови, усни одговори, чек листи, самооценувачки листи, дневник за работа за учениците по предметот Учење преку работа кај работодавач, секојдневна активност итн. Самооценувачките листи особвено се користат на часовите по Учење преку работа кај работодавач каде ученикот за секоја етапа во изработката внесува оцена/резултат од сработеното. За учениците кои од оправдани причини отсуствувале 200 часа се организира полагање на испит на годината, кој се изведува по завршувањето на наставната година по однапред подготвен распоред за полагање на предметите. За учениците кои доаѓаат од друго училиште се организира полагање на дополнителни испити во : август, септември, октомври, а најдоцна до крајот на првото полугодие. По завршуввањето со полагање на дополнителните испити психолошко-социолошката служба за овие ученици издава свидетелства и ги заведува во педагошката документација. На крајот од школувањето учениците избираат дали ќе полагаат завршен испит или државна матура како би го продолжиле своето образование на високообразовните институции.
Евиденција од: -остваренисредби со родителите -советување на родители	Родителите,информациите за напредокот на своето дете го добиваат преку: родителски средби,индивидуални средби од формален и неформален карактер,e-mail адреси во електронскиот дневник, покани за родители, евидентни листови, сведителства, пофалници, дипломи итн. За успехот и поведението на училиште по класификациони периоди се разгледува извештајот на Наставничките совети на Центарот и Советот на родители. Покрај гореспоменатото последните

	години се изведува и советувањето на родителите за учениците со 3 и повеќе недоволни оцени а се со цел заедничката соработка да придонесе за постигнување на подобар успех како и советување во однос на изостанувањето од настава и личниот и социјалниот развој на ученикот. Учениците и нивниот процес во учењето активно се следи на часовите како активност на редовните часови, така и преку разните форми и методи на испрашување и проверка на ученичките знаења (наставни ливчиња, тестови, активност на самите часови, усно испрашување) и истото се евидентира во оценувачки или чек листи за секој ученик. Сите тие активности придонесуваат за пообјективно оценување, јавно и континуирано .
Електронски дневник	Електронската евиденција на постигањата на учениците и можноста родителите секојдневно да имаат повратна информација за напредокот на своето дете функционира скоро целосно, освен во случаи каде родителите не користат електронска пошта или немаат редовен пристап до интернет. Родителите за напредокот на своето дете можат освен преку електронскиот дневник да се информираат секојдневно на училиште преку класните раководители, предметните професори и секако на родителски средби.Дека наставниците се достапни за разговор, одговориле 89,7 % од родителите, а делумно се согласуваат 10,3 % од родителите.
Веб страна на училиштето Училиштен весник	Училиштето има и своја Веб-страна naumohridski-ohrid.edu.mk на која родителите можат да се запознаат со важни информации за училиштето, а пак вонредните ученици можат да се запознаат со организацијата на полагањето на вонредните испити како и со резултатите од испитите. Од пред неколку учебни години училиштето почна со издавање на училиштен весник во кој учениците , родителите и сите зинтересирани субјекти можат да бидат запознати со сите поважни случувања од животот и работата на учениците и воопшто училиштето во целост.
Евидентни листови Сведителства Дипломи	Евидентните листови се пополнуваат на секое тримесечие во текот на целата учебна година и се користат за родителските средби за известување на родителите . Свидетелствата се доделуваат на крај на наставната година и по полагањето на поправните испити во јуни и август. Дипломите се доделуваат по завршувањето на образовниот циклус, како за редовните така и за вонредните ученици.
Прашалник за ученици, наставнци и родители	Дека наставниците **користат различни методи и инструменти за оценување и континуирно го следат напредокот на ученикот** се согласуваат 78,3% од наставнците, 69,2% од родителите и 61,7% од учениците, делумно се согласуваат 18,9% од наставниците, 28,8% од родителите и 29,7% од учениците а не се согласуваат, 2,8 %, од наставниците,2 % од родителите и 8,6 % од учениците.


Оценување со користење разни методи и инструменти со кое учењето на учениците се следи континуирано
100
90
80
70
60
50
40
30
20
10
0
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
наставници
ученици
родители

-



Слика бр.10

Слика бр.10

Дека наставниците **секогаш се достапни за разговор со родителите** потполно се согласуваат 86,2% од родителите, дека делумно се согласуваат со ова тврдење се изјаснале 11% од родителите, а дека не се согласуваат се изјасниле 2,8 % од родителите.

Резултати: клучни јаки страни и слабости

Клучни јаки страни:

-Нови модуларно дизајнирани наставни планови и програми, дуални паралелки и вклученост на учениците во реалниот сектор преку предметот Учење преку работа кај работодавач.
- Целосно и темелно изработени годишни, тематски и дневни планирања
- посета на семинари кои се организирани од БРО, учество во проекти и обуки од државен и меѓународен карактер;
-Опременост со компјутерска технологија и интернет мрежа како и нивно одржување;
-Снабденост на 14 училници со смарт табли.?
- Постојана достапност, отвореност и спремност на наставниците за соработка со родителите;
-Подеднаков третман на сите ученици;
- Водење грижа за здравјето и заштита на учениците
- Солидна соработка со: педагошката служба , помошниците директори, директорот.
-Солидна соработка со надворешни институции и организации (Младински совет на Охрид; Центар за социјални грижи; МВР; Медицински Центар – Охрид; средни и основни училишта на ниво на општина ; факултети)
- Учество на Државните натпревари на ЕМУЦентри и освоени награди.
-Учество на Балкан јуниор – меѓународен натпревар, и освоено прво место во учебната 2023/24 година.
-Освоени награди на општинско, регионално и државно ниво;
- Активно функционирање на Младинската организација во Центарот;
-Активно функционирање на Ученичката заедница на Центарот;
- Доделување на: награди, пофалници, дипломи за поголема мотивација на учениците
- Нова спортска сала и целосна санација на училишната зграда (подови, прозори, врати) кровна конструкција.
-Сосема нов лик на училиштето.
- Вклученост на училиштето во проекти .

Слабости

- Недоволна опременост со наставно-нагледни средства како и стручна литература.
-Се уште еден дел од наставниот кадар користи класична настава и недоволна примена на разни методи и техники;
-Потреба од поголема комуникација и размена на искуства во рамките на активот и меѓу активите
- Нецелосна функционалност на работилницата за изведување настава.

Анализа на резултатите:

Овде ќе дадеме подетална евалуација на ова подрачје

Анализа на резултатите:

Наставниците за реализација на наставните планови и програми прават годишен глобален план, тематско планирање, подготовка за наставен час координираат меѓу себе како и учествуваат на семинари. А сето ова училиштето го следи преку

планирањето за настава од страна на педагошката служба, директорот,просветниот инспекторат и со посетата на час. За олеснување во работата на планирањето училиштето има изготвено посебни образци за модуларно дизајнирано образование за горе наведените подготовки и им овозможува пристап на интернет. Поголем дел од наставниците користат повеќе форми и методи при работата како и примена на ИКТ во наставата, интеракција со учениците. Дел од наставниците сеуште работат класично . Работата на наставниците не останува незабележана и ненаградена од страна на училиштето и раководството, кое се манифестира преку активности за презентација на училиштето, вклученост во работни групи за напредок на училиштето, назначување за ментори на помладите колеги, и ученици за припреми за натпревари, присуство на семинари како и доделување раководни функции. Трудовите на учениците од нивната работа на редовната настава и натпреварите училиштето ги изложува на денот на Патрониот празник, учество на МАСУМ преку Младинската организација, но и постојано се во училница, со цел да можат и родителите како и другите гости, да се запознаат со работата во центарот, а воедно претставува и мотивација за самите ученици. Во последните неколку години нашето училиште е вклучено во меѓународни проекти меѓународен натпревар - Balkan Junior.Исто така училиштето е вклучено и во Еразмус проекти и Е-твининг проект. Во мај 2024 година учениците од нашето училиште освоија прво место. Целата активност на учениците се забележува во дневникот, како додатната настава и во програмата на стручните активи , но и со доделување на награди, пофалници, дипломи итн. Но сепак, за поголема заинтересираност на учениците, за поквалитетна реализација, потребно е поголема застапеност на интерактивните методи и техники на работа на час, постојано давање на повратни информации за дадените одговори на учениците, да се изведуваат обуки за современите достигнувања во областа на техниката, пооптимално користење на компјутерите и можностите што ги нуди инернетот, опремување на работилницата со посовремени средства, алати и во што поголем број за повеќе работни места, снабденост со стручна литература на наставниот кадар особено по стручните предмети,како и подобра организација и реализација на практичната настава.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои можат да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- **Поголема примена на интерактивни методи, со цел учениците средината во која учат и работат да ја доживуваат како мотивирачка а начинот на кој се учи интересен.**
- **Потреба од поголема интеракција во начинот на планирање и реализација на наставата во рамките на еден актив како и меѓу стручните активи.**
- **Опремување на работилницата.**
- **Потреба од усовршување на начинот на функционирање на наставата по предметот Учење преку работа кај работодавач, особено во претпријатијата каде учениците одат.**

Подрачје 4: Поддршка на учениците

Оддели во рамките на подрачјето:


1. **Севкупна грижа за учениците**
2. **Здравјето и постконфликтите трауми**
3. **Советодавна помош на учениците**
4. **Следење на напредокот**


Собирање на податоци(Кои податоци се собрани? Кои методи се користени?) **Обработка на податоци**	
Наведете ги сите документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
Годишна програма за работа на училиштето **Досиеја на ученици** **Записници од водени разговори со:** **-класен раководител** **-психолошко-социолошка служба** **-записници од родителски средби** **-записници од Наставнички совети на паралелката** **-соопштенија,наредби,информа-ции** **Законска регулатива** **Годишни планови за ОЖВ**	Во Центарот има безбедни услови за престој на учениците на часовите во училниците и во другиот внатрешен простор. Со куќниот ред и кодексот на однесување се одредени однесува-њата и движењата на учениците за време на часовите и на одморите. Координација и соработка на сите структури во училиштето за обезбедување на грижата, благосостојбата и заштитата на учениците се одвива на следните нивоа:класен раководител, предметни наставници, стручната служба, помошник директор, директор. Соработката со родителите е добра, се спроведува и стручно советување со родителите на проблематичните ученици,но секогаш има простор за нејзино подобрување и проширување во повеќе домени. Одржувањето на редот и дисциплината во училиштето се спроведува со воведување дежурства од страна на наставниците и помошта од помошник директорите во двете смени. Превенција од насилство училиштето спроведува со истакнување на забраната за физичко и психичко малтретирање кое е пропишано со закон, со внимателно следење на однесувањата на учениците, на наставниците и другите вработени во Центарот. За заштита на учениците од пушење, алкохол и дрога, Центарот го применува Законот за забрана на пушење во училиштето и училишниот двор, Кодексот на однесување на учениците кој е истакнат во сите училници во кој се истакнува забраната за пушење цигари, внесување и консумирање алкохол и дрога. На часовите за Образование за животни вештини се обработуваат теми за штетното влијание на овие пороци врз здравјето на учениците, а истите се едуцираат и со одредени предавања за превенција и заштита од болести кои ги наметнуваат спомнатите пороци. Во Центарот нема организирана исхрана на учениците, но во училишниот двор и во непосредна близина има објекти наменети за таа цел. Восите училници од оваа учебна година има смарт-табли кои овозможуваат поквалитетна настава. Клупите и столчињата се заменети со нови. Струјните места се безбедни, има противпожарни апарати кои редовно се проверуваат од соодветна служба и на неколку места има укажувања каде се наоѓаат тие. Исто така, на повеќе места е истакнат план за евакуација во случај на елементарни непогоди. Повеќе наставници имаат завршено обука за давање прва помош. Во ходниците има видеонадзор. Во сите училници се заменети прозорите, поставени се нови подови, осветлување и ролетни. Вратите се заменети во сите училници. Исто така

	поставена е нова кровна конструкција, фасада, а во ходниците дополнително се поставени радијатори. Во ходниците поставени се траки-водичи за слепи лица. Во училиштето, исто така, оваа учебна година поставен е лифт за ученици со посебни потребни, реновирани се два тоалета наменети токму за ученици со посебни потреби. Оградата во дворот е реконструирана, во училишниот двор има клупи, корпи за отпадоци. Спортската сала е изградена и е пуштена во употреба. Учениците и вработените организираат собирни хуманитарни акции за помош на социјално загрозени лица повеќепати во годината. Постои добра соработка со МВР и Локалната самоуправа и вклученост во заеднички проекти. Во наставата многу често се користи ИКТ технологија. Од учебната 2024/25 обезбедена е нова просторија за работата на Локалната младинска организација при Центарот каде што учениците имаат можност за учење и меѓусебно дружење. Емоционалните и социјалните потреби на учениците се согледуваат низ редовната настава, со разговори, анкетирање, организирање на спортски турнири. Учениците се вклучени во натпревари од различни категории со помош на нивните наставници-ментори и се добитници на бројни награди. Нивните потреби се следат континуирано, се настојува кај нив да се градат позитивни вредности, меѓусебно почитување, помагање на послабите ученици, другарство, пријателство, а се помага и на ученици со емотивни проблеми со поинтензивна советодавна помош. Постои законска процедура според која на учениците кои од здравствени причини не можат да ја следат редовно наставата, им се овозможува полагање на испит на годината. Хигиената во Центарот се одржува редовно. Ученичките тоалети се реновирани. Се врши дезинфекција на просториите. На учениците редовно им се укажува на правилно користење и одржување лична хигиена. Во училниците има корпи за отпадоци. Во годишната програма се планирани и содржини за грижа за здравјето на учениците (систематски прегледи,вакцини)
Веб-сајт на училиштето **Веб-сајтови на високообразовни институции** **Постери,флаери,брошури**	Во однос на професионалната ориентација има потреба од интензивирање на соработката со Локалната самоуправа и Заедницата за вработување за добивање на информации кои се приоритетите на општината и за кои образовни профили има потреба или ќе има потреба. Соработката со високообразовните институции е интензивирана преку презентација на нивните програми и пропаганден материјал(за завршните класови).
Годишна програма за работа **Дневник на паралелката** **Дневник на стручни соработници**	Во училиштето има ученици со помали физички и ментални здравствени проблеми и за нив најчесто се информираме преку родителите или откривајќи ги низ процесот на настава. Од минатата учебна година во училиштето има образовни асистенти кои им овозможуваат поддршка на учениците со атипичен развој вклучени во редовната настава. Образовните асистенти се фокусирани на обезбедување квалитетно образование на ученикот преку соработка со наставниците и родителите/старателите, со стручните соработници и инклузивниот тим кој

	се грижи за ученикот. Тие истовремено ја поттикнуваат соработката меѓу децата и заедницата. Нема ученици со тешки телесни пречки во развојот и нема изградено процедура за заштита на вакви деца. Класниот раководител во соработка со стручната служба ги следи, разговара, ги информира родителите со цел да му се помогне на ученикот, а вклучени се и предметните наставници и образовните асистенти.
Педагошка евиденција и документација **Евидентни листови** **Анализа од следење на успехот на учениците**	Напредувањето на учениците, постигањата и редовноста во наставата се следат континуирано од страна на класниот раководител и предметните наставници. Секој предметен наставник води лична евиденција за напредувањето на учениците, бележејќи ги сите резултати од учењето, активноста ,исполнувањето на обврските, а класниот раководител и психолошко-социлошката служба водат евиденција и за емоционалното и социјалното однесување. Стекнатото мислење од страна на наставниците дополнето (ако има потреба) со мислењето од психолошко-социолошката служба и од директорот, им се пренесува и на родителите. Класните раководители го запишуваат успехот на учениците во евидентни листови, го анализираат успехот и поведението во прегледи по периоди и усно го пренесуваат стекнатото видување на состаноци на Наставничките совети, на стручни активи како и на родителските средби. Со успехот и поведението се запознаваат и учениците. Потребите на учениците се следат континуирано со цел да се изградат односи на меѓусебно помагање, почитување, со еден збор, да се изградат позитивни вредности. Учениците можат да ја добијат соодветната помош од стручната служба и од предметните наставници (дополнителна и додатна настава,консултации и сл.) Во случај да постои ментално или физичко злоупотребување, покрај класниот раководител и стручната служба, во разрешувањето на конфликтот се вклушуваат и лица од други институции, како на пр.,МВР-Оддел за малолетничка деликвенција, Центар за социјални грижи, Медицински центар итн.
Извештај за успехот и редовноста на учениците на крајот на учебната 2023/2024 година **Записници од Советот на родители** **Исписници на учениците**	Евиденцијата за успехот и редовноста на учениците се води во текот на учебната година пре-ку анализата по класификациони периоди која се презентира на Наставничкиот совет на Центарот, претходно објавена на огласна табла со цел подетално запознавање на сите заинтере-сирани субјекти. Истите се презентираат и на Советите на родителите со цел заеднички да се изнајдат ефективни форми за подобрување на успехот и редовноста. На ниво на Центарот годината ја завршија 785 ученици или 98,00% (2022/23-97,51%; 2021/22 – 98,68%; 2020/21-96,45% што е приближно исто со минатите учебни години.


	Средниот успех на ниво на Центарот изнесува 3,61 (2022/23-3,61;2021/22-3,58; 2020/21-3,52). -Изостанувања на учениците: Од почетокот на учебната година до крајот на годината направени се вкупно 48159 изостаноци или 60,12 просек по ученик (2022/23-53,20; 2021/22-45,88; 2020/21-19,06 просек по ученик) од кои 44087 оправдани или 55,03 просек по ученик (2022/23-47,92; 2021/22 - 40,56; 2020/21-15,15 просек по ученик) и 4072 неоправдани или 5,08 просек по ученик (2022/23-5,28; 2021/22-5,32: 2020/21-4,04 просек по ученик). Овие податоци се користат за планирање на натамошните активности во насока наподобрување на успехот и редовноста. Во исписниците за учениците се наведени податоци за успехот и изостаноците, но тоа не зборува доволно за целокупниот однос на ученикот кон воспитно-образовната работа во училиштето од кое доаѓа. Нема соодветна евиденција за подобрување на наставата.

Добиени информации
Во делот **Севкупна грижа на учениците** на дадените прашања се добиени следниве сознанија: Учениците со 86,2 % се изјасниле дека просторот во кој учат е безбеден, 13 % делумно се согласуваат, а 0,8 не се согласуваат. 




На истото прашање, од спроведената анкета кај родителите се добиени следниве сознанија: 87,9 % од родителите се изјасниле дека се согласуваат, 11,2 % делумно се согласуваат и 0,9 % не се согласуваат.


На истото прашање во анкетата спроведена меѓу наставниците се добиени следниве сознанија: 96, 9 % се согласуваат, а 3,1 % делумно се согласуваат со ова тврдење.




Дека инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите и сл.) се безбедни и не претстауваат потенцијална опасност од повреди на учениците и вработените, 78 % од учениците се согласуваат, а 17,9 % делумно се согласуваат, а 4,1 % не се согласуваат.



Од родителите, 94 % се согласуваат, а 6 % делумно се согласуваат декаинфраструктурата во училиштето е безбедна.




Од наставниците, 93,8 % се согласуваат, а 6,3 % делумно се согласуваат дека инфраструктурата во училиштето е безбедна.




Дека во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето, и врши обука на наставниците за вакви ситуации се согласуваат 55,3 % од учениците, 35 % делумно се согласуваат, а 9,8 % не се согласуваат.




Од родителите, 68,1 % се согласуваат, 29,3 % делумно се согласуваат, а 2,6 % не се сигласуваат дека во училиштето има обучен кадар за давање прва помош.




Од наставниците 68,8 % се согласуваат, 28,1 % делумно се согласуваат, а 3,1 % не се согласуваат.




На ова прашање, 74,8 % од **учениците** се согласуваат, 22,8 % делумно се согласуваат, а 2,4 % не се согласуваат.




На истото прашање **родителите** одговориле – 83,6 % се согласуваат, 14,7 % делумно се согласуваат, а 1,7 % не се согласуваат со тврдењето.




На истото прашање 96,9 % од **наставниците** се согласуваат, а 3,1 % делумно се согласуваат.



На ова прашање, 60,2 % од **учениците** се согласуваат, 26 % делумно се согласуваат и 13,8 % не се согласуваат.




71,8 % од **родителите** се согласуваат, 19,7 % делумно се согласуваат, а 8,5 % не се согласуваат.







55 % од наставниците се согласуваат, 32 % делумно се согласуваат, а 13 % не се согласуваат.

На ова прашање, 74 % од **учениците** одговориле дека се согласуваат, а 19,5 % дека не се согласуваат.






89,7 % од **родителите** се согласуваат, а 10,3 % делумно се согласуваат со тврдењето во ова прашање.




87,5 % од **наставниците** се согласуваат, а 12,5 % делумно се согласуваат за хигиената во ходниците, училниците и дворот.


99,2 % од **учениците** се согласуваат, а 0,8 % не се согласуваат.




91.5 % од **родителите** се согласуваат, а 8,5 % делумно се согласуваат.




93,8 % од **наставниците** се согласуваат, а 6,3 % делумно се согласуваат.



53,7 % од **учениците** се согласуваат, 37,4 % делумно се согласуваат, а 8,9 % не се согласуваат.




48,7 % од **родителите** се согласуваат, 43,6 % делумно се согласуваат, а 7,7 % не се согласуваат.



59,4 % од **наставниците** се согласуваат, 34,4, делумно се согласуваат, а 6,3 % не се согласуваат



87 % од **учениците** се согласуваат, 10,6 % делумно се согласуваат, а 2,4 % не се согласуваат.



77,8 % од **родителите** се согласуваат, 17,1 % делумно се согласуваат, а 5,1 % не се согласуваат.

Во училиштето се организираат хуманитарни акции за помош на ученици од социјално загрозени семејства

117 responses



65,6 % од **наставниците** се согласуваат, 31,3 % делумно се согласуваат, а 3,1 % не се согласуваат.

Училиштето редовно ги информира родителите за спроведените активности поврзани со понатамошно образование на нивните деца

32 responses



Ученици:

Во училиштето има активности и промотивни материјали на образовните институции (флаери, трибини, посети на училишта, високообразовни институции...)

123 responses



Родители:

Во училиштето има активностите и промотивни материјали на образовните институции (флаери, трибини, посети на училишта, високообразовни институции...)

117 responses




Наставници:

иштето има активности и промотивни материјали зовните институции (флаери, трибини, посети на та, високообразовни институции...)


es




Дека за време на одморот учениците имаат доволно време да купат и да консумираат оброк, а достапната храна е квалитетна и со пристапни цени се согласуваат 30,4 % од учениците, 35,2% делумно се согласуваат, а 34,4 % не се согласуваат. 39 % од родителите се согласуваат, а 17% не се согласуваат.



76,9 % од родителите се согласуваат, а 21,4 % делумно се согласуваат.




90,6 % од наставниците се согласуваат, 6,3 % делумно се согласуваат, а 3,1 % не се согласуваат.



Техники	Добиениинформации
4.3. Советодавна помош на учениците Анкета заученици, Анкета зародители и Анкета занаставници	Во делот **Советодавна помош на** учениците 58% од учениците се согласуваат дека се информирани и можат да се обратат до наставниците за помош во однос на помош за изработка на биографија, усовршување, 28% делумно се согласуваат, а 14% не се согласуваат. Со ова се согласуваат 75%, а делумно 21,9 % од наставниците. 47% од родителите се согласуваат, 21% делумно се согласуваат, а 32% не се согласуваат. Во училиштето учениците добиваат јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување (45% од учениците се согласуваат, 33% делумно се согласуваат, 22% не се согласуваат). Дека во училиштето има активности и промотивни материјали на образовните институции (флаери, трибини, посети на училишта, високообразовни институции и сл.), 29% од учениците се согласуваат, 29% делумно се согласуваат, 35% не се согласуваат. Дека во училиштето се организира современа практична настава со која кај учениците се развиваат практични вештини важни за конкурентноста на пазарот на трудот, 58% од учениците се согласуваат, 28% делумно се согласуваат и 14% не се согласуваат.


Наставниците во училиштето се подготвени да им помогнат на учениците при изработка на кратка биографија, подготовка за интервју за работа

32 responses




Наставниците и стручната служба се обидуваат да помогнат доколку се обратам за помош

125 responses




Во однос на грижата на училиштето за учениците со емоционални тешкотии без оглед на изворот (семејно

насилство, развод на родлителите, болест во семејството, постконфликтни трауми и сл.) 93 % од учениците се согласуваат дека училиштето води грижа, а 26,2% делумно.






89% од наставниците сметаат дека училиштето води грижа да учениците со емоционални потешкотии,а 11% делумно се согласуваат.

Родителите 79,5 % се согласуваат, а 19,7 % делумно се согласуваат.




Техники	Добиениинформации

4.4. Следење на напредокот Анкета заученици, Анкета зародители и Анкета занаставници	Во делот **следење на напредокот** на прашањатанаставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците, 93,8 % од наставниците се согласуваат со оваа констатација, а 6,2 % делумно се согласуваат. 90,6 % од родителите се согласуваат, а 8,5 % делумно се согласуваат.   Дека во училиштето има добра соработка меѓу стручната служба, учениците, родителите и наставниците во однос на резултатите и постигањата на учениците делумно и целосно се согласуваат по 90, 6 % од учениците.




83,2 % од учениците се согасуваат дека можат да се обратат за помош и да им биде помогнато, 12,8 % делумно се согласуваат, а 4 % не се согласуваат.

Родителите с,етаат дека можат да се обратам за помош или совет – 89,7 % се согласуваат, 8,5 % делумно се согласуваат, а 1,7 % не се согласуваат.



Наставниците сметаат дека 93,8 % се подготвени да разговараат за специфична семејна атмосфера, а 6,3 % делумно се согласуваат.



Резултати

Клучни јаки страни

*****Во однос на ова подрачје поддршката на учениците од страна на училиштето има голема меѓусебна координација и соработка на стручната служба (психолог,педагог) со класните раководители и со предметните наставници како и со надлежните служби задолжени за работа со малолетници:Центарот за социјални грижи и Одделот за малолетничка деликвенција при МВР-Охрид.

*Соработката со родителите е честа и на задоволително ниво, отвореност на училиштето за соработка

*Во рамките на можностите се води грижа за здравјето на учениците

*Темите што се реализираат на часовите за образование за животни вештини се солидно планирани и интересни за учениците

*Постои континуираност и редовност во известувањата на родителите за редовноста и успехот на учениците (со можност за увид и во е-дневникот)-се организираат повеќе форми на информирање на учениците и родителите

*Критериумот за изрекување на педагошки мерки од страна на класните раководители е запазен подеднакво за сите ученици

*Безбедноста на учениците е на задоволително ниво

*Се одржуваат додатна и дополнителна настава за подобрување на успехот

*Вклученост во проекти, обуки и натпревари

*Центарот води грижа за здравјето и заштитата на учениците

*Се вршат санитарни прегледи на вработените и работните простории и инспекциски увиди на училишниот простор

Слабости

*Недостигаат ефективни форми и активности за обезбедување на грижата и заштитата на учениците со посебни образовни потреби

*Недостигаат соодветна евиденција за да се подобри наставата (освен анализите на успехот и поведението по класификациони периоди) и поголемо познавање на потребите на учениците и изнаоѓање на форми и методи за нивна помош

*Голем број на изостаноци на учениците од настава

*Недоволна стручна оспособеност на вработените за следење на учениците со емоционални,социјални и физички потреби

Анализа на резултатите:

Во училиштето постои добра меѓусебна координација и соработка на сите структури во училиштето: класниот раководител, предметните наставници, стручната служба која е поткрепена со соодветна документација (досиеја, записници, соопштенија, наредби, разговори и др.). Се води грижа за обезбедување заштита на учениците независно од полот, националната припадност и индивидуалните способности.

Соработката со родителите е добра, но има простор за нејзино подобрување и проширување во повеќе домени.

Емоционалните и социјалните потреби на учениците се следат преку соработката меѓу класниот раководител, стручната служба и родителите, а по потреба се вклучуваат и надворешни лица. Целта на следењето е изградување позитивни вредности и создавање клима на доверба и почитување.

Советодавната работа ја вршат предметните наставници, класните раководители, психолошко-социолошката служба, заменик-директорите и директорот. Најчесто оваа работа се однесува на одржување дисциплина, надминување на меѓусебни недоразбирања меѓу учениците или ученици со наставници; се разговара за изнаоѓање начини за подобрување на успехот и совладување на наставните содржини. Се водат и разговори на теми од здравствено и морално воспитување.

Успехот и редовноста на учениците континуирано се следени преку извештаи од страна на класните раководители на Наставничките совети на паралелките и на ниво на Центарот преку анализа на успехот и поведението кој се презентира на Наставничкиот совет на Центарот и кои понатаму служат за преземање на одредени активности и за подобрување на успехот и редовноста.Најголем дел од родителите сметаат дека се добро информирани за напредокот и успехот на нивните деца (75 %),а и учениците во најголем дел (56 %) сметаат дека се редовно информирани за нивниот успех и поведение.

Учениците за потребната помош во најголем дел се обраќаат кај класниот раководител (56%), а од соработката со стручната служба се задоволни 86 % од учениците.

Училиштето соработува и со стопанскиот сектор особено со држење на дел од практичната настава .

За заштита и безбедност во своите простории училиштето има чуварска служба и дежурство од вработените, 83% од учениците се чувствуваат безбедни во училиштето.

За учениците кои изведуваат практична настава во училиштето и надвор од него е предвидено задолжително осигурување како и соодветна заштита.

Грижата за здравјето се остварува преку редовни систематски прегледи, предавања од оваа област на часовите за образование за животни вештини изведени во вид на работилници,дезинфекција и генерално чистење на просториите.

Има потреба од интензивирање на соработката со Локалната самоуправа од аспект на професионалната ориентација на учениците како и добивање на повеќе информации за тоа кои се приоритетите на општината и за кои образовни профили има потреба или ќе има во иднина.Во однос на професионалната ориентација за продолжување на образованието по завршувањето на средното образование, соработката со високообразовните институции во последните години е интензивирана преку нивна презентација, преку постери, флаери, брошури. Од одговорите произлегува дека училиштето има потреба од посоодветни ефективни форми и активности кои ќе овозможат поголема грижа за учениците, нивната благосостојба и др. Нема евиденција за подобрување на наставата, ниту пак посебни активности за вклучување на учениците со посебни образовни потреби.

Идни активности:

1.Пронаоѓање соодветни ефективни форми и активности кои ќе овозможат поголема грижа и благосостојба на сите ученици, особено на ученици со посебни образовни потреби.

2.Преземање на конкретизирани активности за подобрување на успехот и редовноста на учениците.


3.Поголема соработка и координација со Локалната самоуправа и стопанскиот сектор.

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите: **- Училишна клима и односи во училиштето** **- Промовирање на постигањата** **- Еднаквост и правичност** **- Партнерски однос со родителите со локалната и деловната заедница** **- Училишна клима и односи во училиштето** **- Углед/имиџ на училиштето** **- Кодекс на однесување** **- Училишна клима** **- Поведение и дисциплина во училиштето** **- Партиципација на учениците во решавањето проблеми донесувањето одлуки**
Оддели во рамките на подрачјето: **-Училишна клима и односите во училиштето** **-Промовирање на постигањата** **-Еднаквост и правичност** **-Соработка со родителите и локалната заедница**

Собирање на податоци (кои податоци се собрани, кои методи се користени) – при обработка на документите	
Наведете ги сите документи кои се прегледани **Училишна клима и односи во училиштето:** **Прашалник за ученици** **Прашалник за наставници** **Прашалникзародители**	Кои информации се собрани - Углед/имиџ на училиштето Училиштето поседува куќен ред кој е истакнат во ходниkоти во сите простории за работа. **- Кодекс на однесување** Училиштето поседува Кодекс на однесување за учениците и наставниците и со него се запознаени сите структури во училиштето. **- Училишна клима** Во училиштето владее позитивна клима како резултат на континуираната соработка помеѓу наставниците, наставниците и учениците, родителите со наставниците и раководниот кадар, поттикнувањето на другарството и соживотот помеѓу учениците. **- Поведение и дисциплина во училиштето** Раководителите на паралелките го применуваат Правилникот за изрекување педагошки мерки. Раководителите на паралелките ги изрекуваат навремено и постапно педагошките мерки. Педагошките мерки се запишани во дневник, има записници во досието на ученикот. Училиштето има правилник за оценувањето, напредувањето, полагањето на испити на учениците.Поголемиот број од родителите сметаат дека Училиштето соодветно го применува Правилникот. Постои педагошка евиденција за изречени педагошки мерки во досиеата на учениците. **- Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки** Училиштето поседува Статут кој се применува соодветно. Училишната заедница партиципира во донесувањето одлуки и решавање проблеми во текот на наставниот процес. 76,5 % од родителите сметаат дека нивните деца во училиштето се чувствуваат среќни и задоволни , 18% одговориле со делумно среќни и задоволни и 5,5 % одговориле дека не се согласуваат.

64% од учениците се изјасниле дека во училиштето се чувствуваат убаво и безбедно, 24 % одговориле со делумно и 12 % воопшто не се чувствуваат убаво и безбедно.

Во однос на важноста и родителите и учениците сметаат дека е многу важно учениците да се чувствуваат пријатно во училиштето.



76,4% од родителите сметаат дека секогаш училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, 23,6% од родителите сметаат дека делумно училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците. Тие сметаат дека ова е многу важно.

77,8% од родителите сметаат дека Правилникот за изрекување на педагошки мерки се применува соодветно, 22.2 % одговориле со делумно се применува. Повеќе од родителите сметаат дека е ова многу важно , а само мал број дека не е важно.

85,5 % од учениците се согласиле дека се запознаени со правилата за однесување, 9,7% одговориле дека делумно се запознаени и 4.8% одговориле дека воопшто не се запознаени.


	84.7% од родителите се согласиле дека се запознаени со правилата за однесување, 13,9% одговориле дека делумно се запознаени, а 1,4% дека не се запознаени. 66 % од учениците се согласуваат дека сите ученици без разлика на пол,етничка припадност и способности имаат секогаш правичен и еднаков третман, 14,5 % одговориле со делумно се согласуваат, а 19,5% не се согласуваат. 73,6% од родителите се согласуваат дека во училиштето секогаш се почитуваат правата на учениците , 23,6% делумно се согласуваат, а 2,8 % не се согласуваат дека се почитуваат правата на учениците. 69,4% од учениците се согласуваат дека секогаш наставниците се отворени за комункација , 19,4% дека тоа е делумно, и 11,2% одговориле дека не се согласуваат. 83,3% од родителите се согласуваат дека секогаш наставниците се грижат за соработката со родителите , 13,9% одговориле делумно се согласуваат , додека 2,8% не се согласуваат. Во однос на важноста сметаат дека е важно. 82,5% од наставниците се согласуваат дека редовно ја користат информатичката технологија за подобра настава , 17,5% одговориле со понекогаш. **-Промовирање на постигањата** 66% од учениците одговориле дека во училиштето редовно се пофалуваат позитивните постапки и успехот на учениците, 22,5% одговориле со делумно и 11,5% одговориле со воопшто не.
Годишна програма на училиштето и сручните активи-Статистички извештаи	Училиштето има Годишната програма за работа , во неа се внесени резултатите од Државната матура и постигнатите резултати од натпреварите. Училиштето во изминатиов период редовно вршеше медиумско промовирање на постигањата на учениците и афирмација на училиштето и тоа преку дневните весници и учество во повеќе телевизиски емисии. Училиштео располага со 15 универзални училници, 10 специјализирани кабинети,2 лаборатории, 5 работилниции спортска сала. Исто така училиштето располага и со простории за изведување на општествена и педагошка дејност.Опременоста со наставно нагледни средства ги задоволува моменталните потреби, но за поуспешно реализирање на новите наставни планови потребно е

	доопремување и осовременување на наставата преку подобрување на материјално-техничките услови што ќе ни биде приоритет оваа година. Во училиштето во учебната 2022/2023 година имало запишани 805 ученици од кои 201 се женски, додека во 2023/2024 година имало запишани 801 ученик од кои 224 женски. Во учебната 2022/2023 година, 81 ученик од вкупниот број ученици се припадници на друга националност. Од нив 8 се албанци, 13 се турци, 20 се роми, 32 египќани и 8 македонски муслимани. Во учебната 2023/2024 година, 112 ученици од вкупниот број ученици се припадници на друга националност. Од нив 6 се албанци, 18 се турци, 26 се роми, 61 египќани и 1 србин.
Статут на училиштето,Годишна програма , како и проект за средношколци-роми	Нашето училиште гради односи на взаемно почитување, помагање и градење односи на доверба меѓу колегите исто така и меѓу учениците, а и на релација прфесор-ученик,без разлика на половата,етничката,верската припадност, индивидуалните разлики(физички или психички) и сите помали недоразбирања се залагаме да ги решиме преку советодавни разговори,обработка на теми од оваа област на класните часови. Нашево училиште е исто така вклучено во програмата за средношколци роми во која се ученици и за кои се одредени ментори за работа со нив со цел да постигнат подобар успех и да го завршат средното образование.
Закон за средно образование,Статут на училиштето, Дневник на паралелката, Записници од наставничките совети, Евиденција на сручните соработници	Во нашево училиште од година во година има тенденција за намалување на изостанувањата на учениците од наставата. Онаа нередовност која постои не корелира со половата ниту со националната припадност. Исто така изостанувањето се одразува на успехот на учениците, а за да се намали изостанувањето учениците редовно се советуваат од страна на класните раководители и психолошко-социолошката служба во соработка со родителите. За редовноста и изостанувањето од настава родителите редовно писмено се известуваат и се повикуваат на разговор.Во училиштево редовно се спроведува и правилникот за начинот на изрекување на педагошките мерки со цел да се подобри однесувањето на учениците кои изостануваат.
Веб сајт на училиштето,Одлуки за награди,пофалници и признанија	Ученичките постигнувања училиштето најчесто ги врши со организирање на работилници и тоа за Патрониот празник на училиштето кога исто така се доделуваат и награди за учениците за постигања во различни области како што се натпреварите на Електромашинскитеучилишни центри, ликовни награди, литературни награди и слично. Сите овие резултати се објавени на нашиот веб-сајт.
